FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ВО 2016-2017 ГОДИНА

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МКЦ Младински Културен Центар Битола

NRC

ИЗБОР

ХЕРА / exo

# ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ПРИМЕНАТА НА
# ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ
## ВО 2016-2017 ГОДИНА

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Фондација Отворено општество - Македонија и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

Издава:
Фондација Отворено општество – Македонија (ФООМ)

За издавачот:
*Фани Каранфилова – Пановска*

Уредник:
*Нада Наумовска*

Автор:
*м-р Христина Василевска,*

Со придонес на:
*Благица Киров,* Едукативно-хуманитарна организација – Штип
*Славица Анастасовска,* Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија – Скопје
*Борис Гудев,* Избор – Струмица
*Ивана Маринковска,* Национален ромски центар – Куманово
*Вера Гогу,* Младински културен центар – Битола

Рецензент:
*доц. д-р Неда Здравева,* Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје

Лектура:
Абакус

Ликовно-графичко обликување:
Кома ДООЕЛ

Печат:
Дата Понс

Тираж:
1100

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје

347.921.8:340.13(497.7)»2016/2017(047)

ИЗВЕШТАЈ за примената на законот за бесплатна правна помош во 2016-2017 година / [автор Христина Василевска ; со придонес на Благица Киров ... и др.]. - Скопје : Фондација Отворено општество - Македонија, 2017. - 72, 68 стр. ; 21 см

Насл. стр. на припечатениот текст: Report on implementation of the law on free legal aid in 2016-2017 / Hristina Vasilevska. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и англ. јазик. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-218-269-8
1. Василевска, Христина [автор]
а) Правна помош - Законодавство - Македонија - 2016-2017 - Извештаи
COBISS.MK-ID 103727882

# СОДРЖИНА

**РЕЗИМЕ НА ДОКУМЕНТОТ ........................................ 6**

**1. ВОВЕД ........................................ 12**

За проектот ........................................ 13

Методологија за прибирање на податоци ........................................ 15

**2. ЗАКОНСКА РАМКА НА СИСТЕМОТ НА БПП ВО РМ...... 18**

Претходна бесплатна правна помош и правна помош........................................ 21

Претходна бесплатна правна помош ........................................ 21

Правна помош ........................................ 22

Корисници на бесплатна правна помош........................................ 23

Услови за остварување на правото на бесплатна правна помош........................................ 25

Правни прашања за кои се одобрува БПП........................................ 26

ДАВАТЕЛИ НА БПП........................................ 27

Опис на моменталната состојба........................................ 27

Предизвиците со кои се соочуваат овластените здруженија за давање на бесплатна правна помош........................................ 28

Подрачни одделенија на на Министерството за правда........................................ 29

Адвокатите како даватели на бесплатна правна помош........................................ 30

**3. УПРАВНИОТ СУД КАКО ДЕЛ ОД СИСТЕМОТ НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ........................................ 32**

**4. ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ...... 35**

**5. НАБЉУДУВАЊЕ НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ 2016-2017 ...... 40**

Моментална состојба со Законот за бесплатна правна помош ...... 41

Социјално-економските показатели и потребите на граѓаните ...... 42

Граѓани кои не можат да го остварат правото на бесплатна правна помош ...... 43

Правни прашања кои се исклучени од Законот за бесплатна правна помош ...... 44

Последици од централизираноста (концентрираноста) на постапката ...... 46

Опфат на дадената правна помош од страна на овластените здруженија ...... 46

Обем на дадена бесплатна правна помош согласно извештајот на Министерство за правда ...... 48

Територијална достапност на бесплатната правна помош ...... 49

Информираност на граѓаните за достапноста на БПП ...... 50

**6. ОДРЖЛИВОСТ НА СИСТЕМОТ НА БПП ...... 54**

Финансирање на системот на бесплатна правна помош ...... 55

**7. ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ...... 56**

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ...... 72

# КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **ЗБПП** | Закон за бесплатна правна помош |
| **ФООМ** | Фондација Отворено општество –-Македонија |
| **НРЦ** | Национален ромски центар – Куманово |
| **МКЦ** | Младински културен центар – Битола |
| **ЕХО** | Едукативно-хуманитарна организација – Штип |
| **ЗПП** | Закон за парнична постапка |
| **ЗОУП** | Закон за општа управна постапка |
| **ЗКП** | Закон за кривична постапка |
| **ЗСЗ** | Закон за социјална заштита |
| **АТ** | Адвокатската тарифа |
| **ЗС** | Закон за семејство |
| **ЗПД** | Закон за правда за децата |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **МП** | Министерство за правда |

# РЕЗИМЕ
## НА ДОКУМЕНТОТ

Правото на пристап до правда е едно од основните човекови права. Остварувањето на ова право е тесно поврзано и зависи од достапноста на правните услуги за сите граѓани, без разлика на нивната материјална и социјална положба. Пристапот до правда за сите граѓани зависи од ефикасноста и квалитетот на системот на бесплатна правна помош (БПП), а со тоа се гарантира и остварувањето на човековите права.

Како дел од процесот на интеграција во Европската Унија, Република Македонија треба да го усогласи националното законодавство со европското законодавство. Дел од таа правна рамка е и Законот за бесплатна правна помош (ЗБПП), донесен во 2009 година, кој почна да се применува во јули 2010 година.

Целта на ЗБПП е да се овозможи еднаков пристап до правда за сите граѓани, без разлика на нивната материјална положба. Од извештаите за примената на ЗБПП објавени досега може да се согледа дека овој закон не ја остварува целта заради која е донесен. Последното истражување за јавната перцепција и запознаеноста на граѓаните со ЗБПП, покажа дека само 1,1% од вкупното население во Република Македонија ги исполнува сите законски услови за добивање БПП.

Фондацијата Отворено општество – Македонија и партнерските организации (Национален Ромски центар – Куманово, Едукативно-хуманитарна организација – Штип, Младински културен центар – Битола, Избор – Струмица, и Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија - Скопје) од

2010 година работат на спроведувањето на овој закон, но и на следење на неговата примена, со цел да се идентификуваат недостатоците и да се дадат препораки за подобрување. Од 2014 година Европската Унија, преку Инструментот за демократија и човекови права (EIDHR) кој обезбедува финансиска помош на проектот „Пристап до правда во Македонија“, ги поддржа заложбите на ФООМ за унапредување на БПП и решенијата од ЗБПП.

Во рамките на проектот „Пристап до правда во Македонија“ досега беа изготвени шест извештаи,[1] а ова е седми извештај за периодот 2016-2017 година. Оценката за спроведувањето на ЗБПП се темели на податоци прибрани во рамките на проектот од страна на давателите на БПП: овластените здруженија и подрачните одделенија на Министерството за правда, но и податоците од 1.293 граѓани кои добиле БПП. Исто така, овој извештај вклучува и податоци од истражувањето за јавната перцепција и запознаеноста на граѓаните со ЗБПП и истражувањето за задоволството на граѓаните од добиената БПП, поткрепени со анализа на законската регулатива, релевантните извештаи, мислења и наоди.

За изработка на овој извештај беше користена методологија која вклучува следење на примената на ЗБПП од страна на овластените здруженија, прибирање и анализа на податоци, ана-

1 Извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош, ФИООМ и МЗМП, март 2010 год.; Бајка или реалност!? – Бесплатната правна помош во РМ, МЗМП и ФООМ, февруари 2012 год.; Анализа за примената на Законот за бесплатна правна помош (2010 – 2012), МЗМП и ФООМ, 2013 год.; Извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош во 2013 година, МЗМП, 2014 год.; Извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош во 2014-2015, ФООМ, 2015 год.

лиза на релевантните документи поврзани со БПП, како и податоците и крајните наоди од двете спроведени истражувања.

Во рамките на проектот беше изработена и база на податоци која, покрај општите и демографските податоци, содржи и краток опис на правниот проблем за кој лицето побарало БПП, потребното време за МП да донесе решение по барање за БПП, најчестите правни прашања за кои се бара БПП, и сл. Прибраните податоци беа анализирани и искористени во подготовката на овој извештај.

Овој извештај содржи податоци и од анализата на судските пресуди на Управниот суд и Вишиот управен суд и документот за јавни политики во однос на утврдените недостатоци на целокупниот систем на БПП и препораките дадени за негово подобрување.[2]

Врз основа на анализата, може да се заклучи дека преку својата работа овластените здруженија кои се партнери на проектот ги утврдија следните недостатоци на ЗБПП, но и на целиот систем на давање БПП:

1. Роковите предвидени во ЗБПП кои се однесуваат на одлучување по барањата за БПП не се усогласени со роковите за поднесување тужба и одговор на тужба во парнична и вонпарнична постапка, и за поднесување жалба во управна постапка, што води кон често пробивање на роковите, заради што граѓаните ја добиваат бесплатната правна помош многу доцна кога веќе престанала потребата за неа.

2 ПОТРЕБНИ СЕ ИТНИ ИЗМЕНИ НА ЦЕЛОКУПНИОТ СИСТЕМ НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ, документ за јавна политика, достапен на: http://pristapdopravda.mk/wp-content/uploads/2012/10/Policy-brief-04.pdf (пристапено на 18.6.2017)

2. Центрите за социјална работа немаат изедначена практика, односно секој центар постапува различно, што води кон правна и социјална несигурност на граѓаните.

3. Министерството за правда различно ги толкува одредбите од ЗБПП за исти или слични правни прашања, но различни баратели.

4. ЗБПП е дел од поголем систем кој дава правна сигурност и пристап до правда за граѓаните и оттука тој е поврзан со Законот за социјална заштита (ЗСЗ) во кој недостасуваат суштински дефиниции за поими што се користат во системот на БПП.

5. Условите кои граѓаните треба да ги исполнуваат во поглед на правното прашање за кое бараат правна помош и особено во поглед на нивната материјална положба се многу строги, што често доведува до неодобрување на БПП за многу граѓани кои имаат потреба од ваква помош.

6. Трошоците поврзани со судски такси, вештачење, обезбедување докази и други трошоци во правната постапка за која е одобрена БПП паѓаат на товар на граѓаните.

7. Опфатот на претходната правна помош е претесен, а начинот на кој таа е уредена е несоодветен.

8. Освен правен совет и помош при пополнување барање за БПП, претходната правна помош не вклучува составување едноставни поднесоци во управна постапка.

**9.** Постапката за одлучување по барањата за БПП е концентрирана (централизирана).[3]

**10.** Законот за бесплатна правна помош не е усогласен со другите процесни закони со кои е во директна врска (Закон за кривична постапка, Закон за нотаријат, Закон за извршување, Закон за парнична постапка, Закон за вонпарнична постапка и Закон за општа управна постапка).

**11.** Не постојат механизми за следење и оцена на примената на ЗБПП и квалитетот на дадената правна помош.

3 Најблагата форма на децентрализација е таканаречената деконцентрација, која значи пренесување само на одлучувањето од централно на локално ниво.

# 1

# ВОВЕД

## За проектот

Проектот „Пристап до правда во Македонија“ е финансиран од Европската Унија преку Инструментот за демократија и човекови права (EIDHR), а го спроведува Фондацијата Отворено општество – Македонија, заедно со партнерските организации: Национален ромски центар -од Куманово, Едукативно-хуманитарна организација (ЕХО) од Штип, Младински културен центар од Битола, Избор од Струмица, и Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија (Хелсиншки комитет) од Скопје.

Проектот ги поддржува овластените здруженија за давање бесплатна правна помош во согласност со Законот за бесплатна правна помош (ЗБПП) и има за цел да придонесе кон подобрување на системот за заштита на човековите права во земјата преку оценување на задоволството на граѓаните од постојниот систем за бесплатна правна помош и преку утврдување на слабостите во неговото спроведување за да се дадат препораки за подобрување на системот.

Конкретните цели на проектот се:

- да се поддржат овластените здруженија кои даваат претходна правна помош, со цел подобрување на пристапот до правда;
- детална анализа на примената на Законот за бесплатна правна помош преку независно оценување на системот за

бесплатна правна помош и мерење на задоволството на граѓаните од системот на бесплатна правна помош и негова-та достапност.

Вкупната вредност на проектот изнесува 126.000 евра.

Претходна правна помош граѓаните може да добијат преку овластените здруженија или преку подрачните одделенија на Министерството за правда (МП).

## Методологија за прибирање податоци

Податоците прибрани за изработка на овој извештај се добиени од официјалниот извештај за примената на ЗБПП во 2016 година објавен од Министерството за правда, но и од секојдневната работа на пет овластени здруженија кои работат со баратели на БПП и ги регистрираат во воспоставената база на податоци. Дополнителните алатки за прибирање податоци потребни за изработка на овој извештај кои не беа дел од официјалниот извештај на МП вклучуваат барања за информации од јавен карактер испратени до Министерството за правда, Управниот суд и Вишиот управен суд, основните судови и други релевантни институции.

Освен тоа, ЗБПП беше анализиран од аспект на неговата ефикасност и делотворност во практиката, како и неговата достапност за сите граѓани кои се соочуваат со правен проблем. Исто така, за оценка на моменталната состојба во однос на примената на ЗБПП, преку компаративен метод предвид беа земени и минатогодишните извештаи, наоди и мислења изработени од страна на ФООМ.

Податоците добиени од базата на податоци му дадоа на проектниот тим јасна слика за тоа кои се најчестите проблеми на барателите на БПП, во кои случаи МП стриктно се води според законските услови, а кога прави отстапки, односно кога применува послободно толкување на ЗБПП (една од препораките[4] на Управниот суд подразбира избегнување на толку стриктно толкување на одредбите од ЗБПП за остварување на целта на овој закон, а тоа е пристап до правда за сите граѓани), со цел да се овозможи пристап до правда за граѓаните кои очигледно не можат сами да ангажираат и да платат адвокат за да го решат својот правен проблем.

Исто така, беа спроведени две истражувања кои обезбедија податоци што се од исклучителна важност за изработката на овој извештај. Првото истражување,[5] кое се однесува на јавната перцепција и запознаеноста на граѓаните со ЗБПП, даде јасна слика за тоа колку граѓаните знаат за нивното право на БПП, што претставува БПП за нив, но и за тоа колку им веруваат на институциите и дали би се обратиле за БПП доколку се соочат со правен проблем. Сите овие податоци, надополнети со анализа на бројот на граѓани во РМ кои би ги исполниле законските услови за добивање БПП, даваат јасна слика за ефикасноста и применливоста на овој закон.

Покрај собирањето квантитативни податоци, ова истражување се посвети и на собирање податоци за квалитативни показате-

4 ФООМ, Анализа на судските пресуди на Управниот суд и на Вишиот управен суд, 2017 год.

5 Реактор – истражување во акција, Истражување за јавната перцепција и запознаеноста на граѓаните со Законот за бесплатна правна помош, ФООМ, 2016 год.

ли преку спроведување индивидуални интервјуа со подрачните одделенија и преку организирање фокус групи со сите овластени здруженија за давање БПП.

Второто истражување[6] ги опфати само граѓаните кои се обратиле до петте овластени здруженија за давање БПП и се регистрирани во базата на податоци развиена во рамките на проектот. Финалните наоди покажаа дека граѓаните се многу задоволни од работата на правниците ангажирани во овластените здруженија, но се незадоволни од постапувањето на државните институции.

6 ГФК, Истражување за задоволството на граѓаните од добиената бесплатна правна помош, ФООМ, 2017 год.

# 2

# ЗАКОНСКА РАМКА НА СИСТЕМОТ НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ВО РМ

Еднаквиот пристап до правда за сите граѓани е основно човеково право чие остварување мора да биде гарантирано од правниот систем на државата. Уставот на Република Македонија, како највисок правен акт, не го гарантира директно правото на БПП, но тоа го прави индиректно преку одредбата со која гарантира еднаквост на сите граѓани на Република Македонија.[7]

Постоењето на Законот за бесплатна правна помош[8] е само еден чекор кон остварување на правото на еднаков пристап до правда за сите граѓани, но неговата неефикасност и строго дефинираните и ограничувачките услови за остварување на правото на БПП го спречуваат остварувањето на целта за која е донесен.

ЗБПП е донесен во декември 2009 година, а почна да се применува од јули 2010 година. Се работи за комплексно законско решение чија основна цел е овозможување еднаков пристап до правда преку бесплатна правна помош за ранливите категории граѓани кои поради недостиг на финансиски средства не можат самите да ги решат правните проблеми со кои се соочуваат.

Од извештаите за примената на ЗБПП што ФООМ ги подготвува од 2011 година наваму видливо е дека ЗБПП многу малку ја

7 За повеќе информации во врска со уставната рамка на бесплатната правна помош види: Извештај за примената на ЗБПП, ФООМ и МЗМП, 2011 год., стр. 54

8 Закон за бесплатна правна помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/2009, 185/2011 и 27/2014)

исполнува својата цел поради тоа што содржи многу строги законски услови кои граѓаните мора да ги исполнат за да добијат БПП, но и поради таксативно наброените правни прашања за кои се одобрува БПП.

Во првата година од својата примена, ЗБПП не претрпе ниту една измена и покрај критиките на овластените здруженија. Во 2011 година ЗБПП беше надополнет во делот кој се однесува на категориите баратели на БПП, со додавање на барателите на азил на кои им се одобрува БПП во постапките за остварување на тоа право.

Донесувањето на Законот за правда за децата (ЗПД)[9] во 2013 година влијаеше врз системот на БПП поради тоа што ЗПД предвидува трошоците на адвокатите кои ќе ги застапуваат децата во ризик и децата сторители на кривични дела и прекршоци да бидат исплатени во согласност со ЗБПП, односно од буџетот предвиден за БПП.

Досега, последното дополнување на ЗБПП е направено во 2015 година кога Собранието на РМ го задолжи Министерството за правда да се поврзе со Агенцијата за катастар на недвижности во период од три месеци.

Паралелно со спроведувањето на проектот „Пристап до правда во Македонија“, во Република Македонија започна и твининг проектот „Зајакнување на владеењето на правото“, кој вклучува компонента што се однесува на менување, односно креирање нов ЗБПП кој ќе овозможи поголема достапност на бесплатната правна помош за сите граѓани. За потребите на тој проект

9 Закон за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/ 2013)

беше формирана работна група која треба да даде препораки и предлози за измени и дополнувања кои ќе го подобрат ЗБПП.

## Претходна правна помош и бесплатна правна помош

Во актуелниот ЗБПП бесплатната правна помош е поделена на претходна правна помош и правна помош во постапка пред надлежен орган и организација.

## Претходна правна помош

Претходната правна помош ја даваат овластените здруженија и подрачните одделенија на Министерството за правда. За да добие овластување за давање БПП здружението мора да ги исполни следниве законски услови:

- да е запишано во Регистарот на здруженија на граѓани при Централниот регистар на Република Македонија;
- да има вработено најмалку еден дипломиран правник со положен правосуден испит;
- во актот за основање и статутот на здружението на граѓани, една од целите на неговото основање да биде давање претходна правна помош во областа за која е основано; и
- да има склучено договор за осигурување на одговорност за можна штета при советување најмалку на најниската полиса/осигурителна сума.

Истите услови важат и за подрачните одделенија на МП.

Претходната бесплатна правна помош опфаќа:

- иницијален правен совет за правото на БПП;

- општа правна информација; и
- правна помош при пополнување барање за бесплатна правна помош.[10]

Овластените здруженија не смеат да составуваат едноставни поднесоци во управна постапка со цел да им помогнат на граѓаните, иако во практиката на здруженијата ова се покажа како честа потреба на граѓаните, посебно во случаи кога тие се обраќаат до и комуницираат во пишана форма со државните органи и институции.

## Правна помош

Бесплатната правна помош ја даваат адвокатите запишани во Регистарот на адвокати кои даваат БПП при МП и таа опфаќа:

- застапување во управни и судски постапки од сите степени;
- составување пишани поднесоци во судски и управни постапки.[11]

Адвокатите ангажирани во постапка за која е одобрена БПП се плаќаат од буџетот на МП предвиден за финансирање на бесплатната правна помош, во согласност со адвокатската тарифа намалена за 30%.

10 Закон за бесплатна правна помош („Службен весник на Република Македонија" бр. 161/2009, 185/2011 и 27/2014), член 6

11 Закон за бесплатна правна помош („Службен весник на Република Македонија" бр. 161/2009, 185/2011 и 27/2014), член 6

За разлика од законодавствата во други земји,[12] македонскиот ЗБПП не содржи одредба со која граѓаните на кои им е одобрена БПП се ослободени од плаќање судски такси, трошоци за вештачење и за обезбедување докази. Според Законот за парнична постапка, граѓаните кои веќе повеле судска постапка можат да поднесат барање до судот за ослободување од плаќање на судските такси.

## Корисници на бесплатна правна помош

Според одредбите од ЗБПП, барателите на БПП мора да ги исполнат законските услови кои се многу строги и кои според истражувањето на јавната перцепција и запознаеноста на граѓаните со ЗБПП ги исполнуваат само 1,1% од вкупното население во РМ.

За да го остварат правото на БПП, барателите мора да бидат државјани на Република Македонија и да имаат постојано живеалиште на нејзината територија, и мора да бидат:

- корисници на социјална помош;
- корисници на правото на инвалидски додаток, кои не остваруваат други приходи по основ на заработувачка или приходи од недвижности;
- корисници на најниска пензија кои живеат во семејна заедница со две или повеќе лица издржувани од нив;

12 M. Barendrecht et al., Legal Aid in Europe: Nine Different Ways to Guarantee Access to Justice?, HiiL Innovating Justice, 2014, стр. 42, достапно на: http://www.hiil.org/data/sitemanagement/media/Report_legal_aid_in_Europe.pdf (пристапено на 18.6.2017)

- семејства или самохран родител со едно или повеќе малолетни деца кои остваруваат право на детски додаток;
- деца во ризик;
- деца за кои постојат основи на сомневање дека сторило дејствие што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок.[13]

Освен тоа, како корисници на БПП може да се појават и:

- барател на правото на азил, лице на кое му е признаено правото на азил, внатрешно раселено лице, како и раселено или прогонето лице со престојувалиште на територијата на Република Македонија;
- странски државјанин, кој во согласност со меѓународните договори, без оглед на тоа дали има престојувалиште или живеалиште на територијата на Република Македонија, остварува негово право за кое е надлежен државен орган на Република Македонија;
- лице без државјанство, кое законски престојува во Република Македонија; и
- државјанин на држава-членка на Европската Унија, под услови и на начин утврден со законот.

13 Во согласност со Законот за правда за децата

## Услови за остварување на правото на бесплатна правна помош

За да го оствари правото на БПП, барателот треба **кумулативно да ги исполни следниве законски услови:**

- да е корисник на некое право од социјалната заштита;
- неговите приходи по сите основи и приходите на членовите на неговото домаќинство да не го надминуваат износот од 50% од просечната месечна плата исплатена во Република Македонија за претходниот месец во времето на поднесување на барањето за бесплатна правна помош; и
- барателот или член на негово семејство со кој живее во исто домаќинство да не поседува имот чија вредност достигнува или надминува пет просечни месечни бруто-плати исплатени во Република Македонија за претходниот месец.[14]

Сепак, правото на бесплатна правна помош не им е достапно на сиромашните граѓани кои немаат приходи, но поседуваат дом чија вредност често надминува пет просечни бруто-плати. **Законот е построг дури и од Законот за социјална заштита каде што право на социјална парична помош може да оствари и лице кое поседува недвижен имот, под услов да не може да се издржува од имотот.**

Освен тоа, ЗБПП не прави разлика дали граѓаните се вработени или невработени. Имено, правото на бесплатна правна помош треба да е гарантирано на сите невработени граѓани кои

14 Закон за бесплатна правна помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/2009, 185/2011 и 27/2014), член 12

поради недостиг на постојани парични примања не се во можност да платат адвокат.

## Правни прашања за кои се одобрува БПП

Таксативната листа на правни прашања за кои може да се одобри бесплатна правна помош е претесна и ограничувачка. БПП се одобрува за следниве правни прашања:

- права од областа на социјалното, здравственото, пензиското или инвалидското осигурување;
- работни односи;
- заштита на деца;
- заштита на жртвите на семејното насилство;
- заштита на жртвите од казниви дела;
- заштита на жртвите од трговија со луѓе;
- признавање на право на азил; и
- имотноправни прашања.[15]

Во ЗБПП не се опфатени некои мошне значајни правни области со кои се соочуваат граѓаните, како што се: проблеми од областа на семејноправните односи (поништување и развод на брак, спорови за старателство, издршка, поделба на брачниот имот, утврдување татковство и мајчинство), проблеми поврзани со потрошувачкото право кои не можат да се подведат под имотноправни прашања, остварување и заштита на правата од социјалната заштита, статусни прашања (деловна способност, државјанство), проблеми поврзани со дискриминација, и др.

15 Закон за бесплатна правна помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/2009, 185/2011 и 27/2014), член 8

Од спроведеното истражување за правните потреби на граѓаните[16] може да се воочи дека граѓаните најчесто се соочуваат со правни проблеми поврзани со имотот, односно домувањето (проблеми со купување или продавање имот, проблеми со откуп на државно земјиште, проблеми со легализација на имот, проблеми со денационализација на имот, задоцнување на неколку рати на хипотекарен кредит, проблеми со паркирање, добивање грешни или спорни сметки, добивање или одржување некоја јавна услуга (телефон, вода, греење), бездомништво, проблеми или спор со соседите, комунални поправки или одржување, проблеми со катастарска евиденција), како и проблеми кои произлегуваат од вработување, односно работни односи, потрошувачки проблеми (проблеми со купената стока или услуга, потпишан договор кој потписникот не го разбира, проблеми со лоши кредитни услови, проблеми со безбедноста на купен производ), и проблеми поврзани со пари, односно долгови.

# ДАВАТЕЛИ НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

## Опис на моменталната состојба

Давател на БПП може да биде овластено здружение кое претходно ги исполнило законски предвидените услови, подрачно одделение на МП, и регистриран адвокат. Овластените здруженија се многу важен дел од целокупниот систем на БПП што е

16 Реактор- истражување во акција, Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија, ФООМ, 2013 год., стр. 14, достапно на: http://www.fosm.mk/CMS/Files/Documents/20131810-Analiza-mk.pdf (пристапено на 18.6.2017)

видливо и од истражувањето на задоволството на граѓаните од добиената БПП. Сепак, Законот не им овозможува одржливост и соодветен надомест на трошоците на ангажираните правници за нивната работа и за времето потрошено за давање правен совет и информација.

## Предизвици со кои се соочуваат овластените здруженија за давање бесплатна правна помош

Поради строгите законски услови кои едно здружение треба да ги исполни за да добие овластување за давање бесплатна правна помош, овие здруженија секојдневно се соочуваат со предизвици во своето работење.

Најголем предизвик е финансиската одржливост на ваквите здруженија кои се непрофитни и своите активности главно ги финансираат од странски и домашни донатори. За да го исполни условот за ангажирање правник со положен правосуден испит, едно здружение мора да издвои најмалку 369.000 денари годишно - средства кои моментално се обезбедуваат од проекти. Од друга страна, Министерството за правда им исплаќа надомест на овластените здруженија за настанатите трошоци само во случај во кој е одобрена БПП, и тоа во износ од 1.100 денари. Доколку правникот ангажиран од страна на здружението помагал и работел со барател на кој МП не му одобрило БПП или воопшто не било поднесено барање за БПП, но тој сепак добил општа правна информација и иницијален правен совет, на овластеното здружение не му се покриваат трошоците настанати при работата со тој барател.

Водејќи се од ова, но и од прибраните податоци, доколку едно здружение во просек има три одобрени барања за БПП месечно, тоа би добило 3.300 денари од МП - средства кои не ги покриваат ниту основните месечни трошоци за канцеларија. Од друга страна, до овластените здруженија во просек се обраќаат околу 20 граѓани месечно кои бараат правен совет или информација, и за нив здружението не добива надомест на трошоците од страна на МП. Законот ги ограничува здруженијата и во поглед на промовирањето, односно „рекламирањето“ на нивната работа, што уште повеќе ги ограничува во однос на финансиската одржливост.

## Подрачни одделенија на Министерството за правда

Подрачните одделенија на Министерството за правда можат да обезбедуваат претходна правна помош **само доколку имаат вработено правник со положен правосуден испит.** Исто така, отсуствува поблиску уредување на начинот на обезбедување претходна правна помош, како и начинот на нејзиното евидентирање.

Според искуствата на здруженијата, подрачните одделенија применуваат неуедначени практики, при што некои подрачни одделенија ѝ дозволуваат на странката сама да го избере адвокатот од Регистарот на адвокати кои даваат БПП, додека во други подрачни одделенија изборот на адвокат го прави правникот вработен во одделението, без да се консултира со барателот. Понатаму, некои од подрачните одделенија се отворени за соработка и располагаат со соодветни кадри, додека други немаат компјутери, не се во можност да одговорат на одредени

барања од страна на здруженијата и не се запознаени со законите според кои работат. Вкупно шест подрачни одделенија немаат примено и проследено до МП ниту едно барање за БПП.[17]

## Адвокати како даватели на бесплатна правна помош

Адвокатите се единствени даватели на бесплатна правна помош во судска и управна постапка и за да се стекнат со тоа овластување потребно е да бидат впишани во Регистарот на адвокати кои даваат БПП што го води МП.

При поднесувањето барање за БПП или по одобрувањето на БПП (зависно од практиката на подрачното одделение), на барателот му се дава можност да избере адвокат кој сака да го застапува од Регистарот на адвокати кои даваат БПП.

Резултатите од истражувањето на задоволството на граѓаните со добиената БПП покажуваат високи оценки за квалитетот на адвокатските услуги во постапки каде е одобрена БПП. Имено, **42%** од испитаниците го оцениле квалитетот на услугата дадена од страна на адвокатот со **„многу добро"** и изјавиле дека се задоволни од достапноста и правното советување од назначениот адвокат.

Барателите на БПП може да побараат промена на адвокатот веднаш откако ќе воспостават комуникација со него и ќе согледаат дека постојат пречки што ја нарушуваат довербата во односот адвокат-странка, дека адвокатот покажува незаинтересираност, нељубезно однесување и слично. ЗБПП не пропишува

17 Извештај на МП за примената на ЗБПП во 2016 година, достапно на: http://pravda.gov.mk/documents/tekst%20na%20izvestajot%20za%202016.pdf (пристапено на 18.6.2017)

рок и начин на кој барателите може да побараат нов адвокат, но во практиката, тие се обраќаат лично или писмено до подрачното одделение каде било поднесено барањето и накратко ги образложуваат причините, по што предлагаат друг, нов адвокат да ја води постапката за која е одобрена БПП.

# 3

# УПРАВНИОТ СУД КАКО ДЕЛ ОД СИСТЕМОТ НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Како втор степен за заштита на граѓаните, Законот за бесплатна правна помош предвидува тужба пред Управниот суд против решение на Министерството за правда со кое се одбива барање за бесплатна правна помош во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Управниот спор претставува механизам на *судска заштита* со кој се оценува *законитоста* на поединечните акти на органите на државната управа (во конкретниот случај, решенијата на Министерството за правда со кои се одбиваат барања за бесплатна правна помош). Со други зборови, управниот спор овозможува своевиден надзор врз работата на Министерството за правда во однос на прашањето дали при одлучувањето се почитувани ЗБПП и другите релевантни закони. Управен спор се поведува со тужба поднесена до Управниот суд против поединечно решение на Министерството за правда. При оценување на законитоста на решенијата, Управниот суд утврдува: *1) дали Законот за бесплатна правна помош е правилно применет?; 2) дали фактичката состојба е правилно и целосно утврдена?* (семејната и имотната состојба на барателот и правното прашање за кое се бара правна помош)?; *3) дали постапката е водена правилно?* Токму оваа карактеристика на управниот спор е клучна за Управниот суд да има функцијата на второстепен орган кој активно ќе се вклучи во правилната примена на ЗБПП.[18] Во рок од 30 дена по приемот на пресудата, Мини-

18 Извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош во 2014-2015, ФООМ, 2015 год., стр. 43, достапно на: http://fosm.mk/mk/Home/Publication?newsID=5013&catID=9&pageIndex=1 (пристапено на 18.6.2017)

стерството за правда е должно да донесе ново решение, водејќи сметка за насоките дадени во одлуката на Управниот суд.

Управниот суд има голема улога во системот на бесплатна правна помош, особено како механизам за заштита на граѓаните на кои не им била одобрена бесплатна правна помош. Поради ова, во рамките на проектот беа анализирани 15 пресуди на Управниот суд.

Имено, проектот ангажираше адвокат кој ги води постапките пред Управниот суд. Поднесени беа 14 тужби, но Управниот суд нема донесено одлука/пресуда за ниту една од тужбите по спорови поведени за време на спроведувањето на овој проект, т.е. во периодот јануари 2016 - јуни 2017. Оттука може да се заклучи дека на Уставниот суд му се потребни повеќе од 18 месеци за да донесе пресуда.

Мал е бројот на граѓани кои одлучуваат да поведат управен спор затоа што тие треба сами да ги покријат трошоците за постапката. Времето што му е потребно на Управниот суд да донесе пресуда е уште еден фактор кој ги одвраќа граѓаните од поведување второстепена управна постапка.

# 4

# ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Постапката за добивање БПП е сложена и нејасна за обичниот граѓанин, кој очекува дека правниците од овластените здруженија обезбедуваат и претходната правна помош и правна помош. Конкретно, **18%** од испитаниците во истражувањето за задоволството на граѓаните од добиената БПП навеле дека **постапката за добивање БПП е многу комплицирана.**[19]

За пополнување на барање за БПП граѓаните може да се обратат до некое од овластените здруженија или до подрачните одделенија на Министерството за правда според нивното место на живеење. Барањето се поднесува на образец пропишан од страна МП и во прилог на барањето барателот поднесува изјава со која потврдува дека дадените информации се вистинити и ја потврдува неговата материјална, економска и имотна положба.

Барањето се поднесува до подрачното одделение на Министерството за правда кое понатаму е одговорно за прибирање на целокупната документација со која се докажуваат податоците наведени во барањето. Во рок од 12 дена, подрачното одделение е должно да ги прибере документите и да ги достави до МП заедно со барањето. Во рок од 8 дена, МП треба да донесе решение со кое се одобрува или одбива БПП на барателот. Во решението се наведува и правното прашање за кое се одобрува БПП, како и адвокат кој е определен да ја води постапката.

19 ГФК, Истражување за задоволството на граѓаните од добиената бесплатна правна помош, ФООМ, 2017 год., стр. 27

Постапката за бесплатна правна помош е уредена како итна и мора да заврши во законски предвидениот рок за да им се овозможи на граѓаните остварување на пристапот до правда и навремено решавање на правните проблеми. Од досегашната практика може да се види дека барателите во просек чекаат од 40 до 50 дена за МП да донесе решение по поднесено барање.

Причините за ваквото одолжување се најразлични, а најчесто се однесуваат на комуникацијата со другите органи - имателиди на информациите потребни за утврдување на состојбата на барателот, како и на потребата министерот за правда да го потпише решението со кое се одлучува по поднесеното барање.

# 5

# СЛЕДЕЊЕ НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Оцената на примената на ЗБПП е направена врз основа на податоците од базата на податоци во која се регистрирани сите баратели кои се обратиле до овластените здруженија, но и врз основа на податоците од официјалниот извештај за примената на ЗБПП во 2016 година, објавен од Министерството за правда. Постоењето систем за правна заштита и пристап до правда е гаранција за ефикасно остварување и заштита на повредените или загрозените права и интереси на сите граѓани пред надлежен суд и пред државните органи.

Бесплатната правна помош е облик на правна заштита кој на одредена категорија граѓани им овозможува еднаков пристап до правда, односно трошоците за постапката ги плаќа РМ. Бесплатната правна помош е бесплатна за корисниците, но не и за давателите на БПП, чиишто трошоци за работа се надоместуваат од државата, донаторите или од други извори на финансирање. Системот за бесплатна правна помош овозможува делумна формална правна еднаквост, достапност и пристап до суд и до други државни органи за лицата кои живеат во сиромаштија. Како главни чинители при прибирањето и анализата на податоци идентификувани беа: давателите на бесплатна правна помош, Управниот и Вишиот управен суд, корисниците на БПП, МП и други релевантни институции.

## Моментална состојба со Законот за бесплатна правна помош

Целта на ЗБПП е да овозможи пристап до правда за сите граѓани, без разлика на нивната материјална, имотна и социјална

положба. Конкретно, овој закон треба да овозможи заштита на граѓаните кои не можат да си дозволат правна помош без да ја загрозат својата материјална и имотна положба, како и издршката на нивното семејство.

Оценувањето на релевантноста на овој закон за македонското општество се водеше од следниве прашања: дали законот одговара на потребите на граѓаните во македонското општество; колку се строги условите кои граѓаните треба да ги исполнат за да добијат БПП; и дали правните прашања за кои може да се одобри БПП се добро дефинирани.

## Социјално-економски показатели и правни потреби на граѓаните

Според податоците на Државниот завод за статистика за 2015 година, 22,9 % од домаќинствата во РМ живеат во сиромаштија и не можат да ги задоволат основните животни потреби.[20] Истражувањето за правните потреби на граѓаните во РМ покажа дека секој втор граѓанин се соочува со правен проблем. Граѓаните кои учествуваа во фокус групите организирани во рамките на истражувањето за нивното задоволство од добиената БПП во неколку наврати го истакнаа своето незадоволство од институциите,[21] додека поради сопствената финансиска немоќ 24,8% од испитаниците не би се обратиле за правна помош доколку се соочат со правен проблем.[22]

20 Државен завод за статистика, Соопштение: Лаекен индикатори за сиромаштијата во 2015 година, достапно на: http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=115 (пристапено на 18.6.2017)

21 ГФК, Истражување за задоволството на граѓаните од добиената бесплатна правна помош, ФООМ, 2017 год., стр. 5, 14 и 29

22 Реактор – истражување во акција, Истражување за јавната перцепција и запознаеноста на граѓаните со Законот за бесплатна правна помош, ФООМ, 2016 год., стр.27

Стапката на сиромаштија во земјата е многу повисока од утврдениот удел од 1,1% на граѓани кои ги исполнуваат законските услови за добивање бесплатна правна помош. Доколку процентите ги претвориме во бројки излегува дека повеќе од 165.000 граѓани на Република Македонија живеат во сиромаштија, додека само 18.000 граѓани може да добијат БПП од страна на државата. Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2015 година 55.872 граѓани биле регистрирани како примате-ли на социјална помош.[23]

Просечната нето-плата во РМ за месец март 2017 година изнесувала 22.445 денари, додека минималната нето плата за мај 2017 година изнесувала 8.870 денари. Од друга страна, потрошувачката кошничка за месец април 2017 година изнесувала 32.233 денари.[24] Оттука може да се заклучи дека две просечни плати на едно четиричлено семејство се едвај доволни за основните продукти и неговата издршка би била загрозена доколку треба да плати адвокат за решавање на одреден правен проблем со кој се соочува.

## Граѓани кои не можат да го остварат правото на бесплатна правна помош

Законот за бесплатна правна помош е познат по тоа што е построг во однос на условите за остварување на правото на БПП

23 Државен завод за статистика, Соопштение: Установи и права на социјална заштита за малолетни и полнолетни корисници, 2015 година, достапно на: http://www.stat.gov.mk/pdf/2016/2.1.16.25.pdf (пристапено на 18.6.2017)

24 Државен завод за статистика, Соопштение: Просечна месечна исплатена нето-плата по вработен, март 2017 година, достапно на: http://www.stat.gov.mk/pdf/2017/4.1.17.40.pdf (пристапено на 18.6.2017)

за разлика од условите предвидени за остварување на права од социјалната заштита пропишани во Законот за социјална заштита (ЗСЗ).[25] Имено, за едно лице да добие БПП тоа не смее да поседува имот чија вредност е поголема од износот на пет просечни месечни бруто-плати исплатени во претходниот месец во РМ. На овој начин се исклучуваат голем број граѓани на кои им е потребна БПП, но не можат да ја добијат затоа што поседуваат куќа во која живеат заедно со своето семејство. За споредба, ЗСЗ пропишува дека: „...за материјално необезбедено се смета лице и домаќинство кое остварува приходи, по сите основи, пониски од износот на социјалната парична помош утврден со овој закон и кое не поседува имот и имотни права од кои може да се издржува.“[26] Дополнителен проблем претставува неправењето проценка на вредноста на имотот од страна на овластен проценител во случаи кога ќе се утврди дека барателот сепак поседува одреден недвижен имот.

## Правни прашања кои се исклучени од опфатот на Законот за бесплатна правна помош

ЗБПП предвидува затворен список на правни прашања за кои може да се одобри бесплатна правна помош, при што единствен услов е тие да се од интерес на барателот. Списокот на правни прашања од граѓанската и управната материја вклучу-

25 Закон за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009; 36/2011; 51/2011; 166/2012; 15/2013; 79/2013; 164/2013; 187/2013; 38/2014; 44/2014; 116/2014; 180/2014; 33/2015; 72/2015; 104/2015; 150/2015; 173/2015; 192/2015 и 30/2016)

26 Ибид.,член 46, став 1

ва: права од областа на социјалното, здравственото, пензиското или инвалидското осигурување; работни односи; заштитата на деца и малолетници; заштита на жртвите на семејно насилство; заштита на жртвите од казниви дела; заштита на жртвите на трговијата со луѓе; и имотноправни прашања. Одредени правни прашања за кои на граѓаните им треба правна помош не се вклучени во списокот на правни прашања за кои се одобрува БПП (на пример, **социјалната заштита**).[27]

Освен тоа, одредени специфични потреби на ранливите категории граѓани (**остварување право на државјанство, статусни прашања**) исто така не влегуваат во правните прашања за кои се одобрува бесплатна правна помош.

Правна празнина во ЗБПП постои и во однос на сторителите на кривични дела за кои е предвидена затворска казна во времетраење до 10 години. Станува збор за правен вакуум во обезбедување бесплатна одбрана на товар на државниот буџет, кој ЗБПП не го покрива, и затоа одбраната на сиромашните во сите фази од кривичната постапка треба да се регулира во рамки на ЗБПП, односно сторителите на кривични дела треба да се предвидат како можни баратели за БПП.[28]

27 Социјалното осигурување не се однесува ниту, пак, е поврзано со социјалната заштита. Социјалното осигурување се однесува на задолжителните придонеси кои треба да ги исплаќа секое вработено лице во РМ кои вклучуваат: 1) пензиско и инвалидско осигурување врз основа на тековна исплата; 2) задолжително капитално финансирано пензиско осигурување; 3) стаж на осигурување кој се смета со зголемено траење; 4) задолжително здравствено осигурување; 5) осигурување во случај на невработеност.

28 Извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош во 2014-2015, ФООМ, 2015 год., стр. 38, достапно на: http://fosm.mk/mk/Home/Publication?newsID=5013&catID=9&pageIndex=1 (пристапено на 18.6.2017)

## Последици од централизираноста (концентрираноста) на постапката за одобрување бесплатна правна помош

Законскиот рок за одлучување по барањата за бесплатна правна помош е **20 дена** од приемот на барањето - рок кој речиси секогаш се пробива. Постапката за бесплатна правна помош е уредена како итна, но од досегашната практика може да се види дека, во просек, се чека **од 40 до 50 дена**, а во некои случаи дури и 90 дена, за Министерството за правда да донесе решение по поднесено барање.

Причините за ваквото одолжување се најразлични, а најчесто се однесуваат на комуникацијата со другите органи - иматели на информациите потребни за утврдување на состојбата на барателот, како и на потребата министерот за правда да го потпише решението со кое се одлучува по поднесеното барање.

## Опфат на правната помош што ја даваат овластените здруженија од проектот „Пристап до правда во Македонија"

**Во периодот јануари 2016 - мај 2017 година, вкупно 1.293 граѓани се обратиле до овластените здруженија за давање БПП, додека 56 од нив поднеле барање за бесплатна правна помош**. Во споредба со минатите години, може да се забележи намален интерес кај граѓаните за бесплатна правна помош. Овој тренд може да се припише на долгата и нејасната постапка за одобрување на БПП, при што, во одредени случаи, на МП му се потребни дури и три месеци да донесе решение по под-

несено барање. Со тоа, многу често се пробиваат роковите за правна заштита на барателите, па така добиената БПП станува непотребна и беспредметна. Во дел, тоа се должи и на забраната за рекламирање на овластените здруженија за давање БПП, но и на практиката на МП за нередовно и ретко одржување на денови на бесплатна правна помош, што придонесува за слаба анимација на граѓаните и нивно запознавање со можностите што ги нуди ЗБПП.

**Табела 1.** Преглед и статус на барања за БПП поднесени преку овластените здруженија кои се дел од проектот, за периодот јануари 2016 - мај 2017 година

| | Поднесени барања | Одбиени барања | Одобрени барања | Запрена постапка | Одлучувањето е во тек | Вкупно граѓани кои се обратиле за БПП |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Хелсиншки комитет | 10 | 2 | 4 | / | 4 | **224** |
| НРЦ | 12 | 2 | 5 | 2 | 3 | **432** |
| ЕХО | 13 | 3 | 4 | 1 | 5 | **260** |
| ИЗБОР | 10 | 3 | 4 | / | 4 | **184** |
| МКЦ | 12 | 4 | 3 | / | 5 | **193** |
| Вкупно | 57 | 15 | 19 | 3 | 21 | **1293** |

Барателите на БПП најчесто бараат правна помош во следниве области:

**Табела 2.** Преглед на правни прашања за кои граѓаните се обратиле до овластените здруженија од проектот

| Правна област | Број на интервенции |
|---|---|
| Права од социјалното, здравственото или инвалидското осигурување | 614 |
| Имотноправни односи | 197 |
| Заштита на деца | 66 |
| Заштита на жртви од семејно насилство | 48 |
| Права од работни односи | 42 |
| Заштита на жртви од казниви дела | 28 |
| Разно (управни постапки, развод на брак, оставинска постапка, постапка на извршување, прекршоци и други облигациони односи кои не спаѓаат во имотноправни односи) | 298 |

Од вкупно 1.293 баратели на БПП, 687 се мажи, а 606 се жени. Според етничката припадност, 625 од нив се Македонци, 21 се Албанци, 532 се Роми, 80 се Турци, и 44 се припадници на друга националност. Во периодот април 2016 – мај 2017, на СОС линијата 0800 44 222 која работи во рамките на проектот се јавиле вкупно 44 лица.

## Обем на дадената бесплатна правна помош според извештајот на Министерството за правда

Согласно извештајот за примената на Законот за бесплатна правна помош во 2016 година,[29] до Министерството за правда

29 Извештај на МП за примената на ЗБПП во 2016 година, стр. 8, достапно на: http://pravda.gov.mk/documents/tekst%20na%20izvestajot%20za%202016.pdf (пристапено на 18.6.2017)

биле поднесени 130 барања за остварување на правото на БПП. Во периодот јануари 2016 - декември 2016 година МП донело 160 решенија, од кои 65 се однесувале на одобрување БПП, додека 85 решенија се однесувале на одбивање на барањето за БПП. Во 2016 година биле донесени и 10 заклучоци со кои се запира постапката за одобрување БПП.

## Територијална достапност на бесплатната правна помош

За разлика од некои други системи и законодавства, може да се заклучи дека Република Македонија има добра територијално покриеност со бесплатна правна помош. Вкупно 34 подрачни одделенија на МП во различни општини обезбедуваат БПП и во периодот 2011-2016 година во Регистарот за овластени здруженија што го води МП заведени се 10 здруженија, и тоа:

| 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2016 |
|---|---|---|---|---|
| • Национален ромски центар – Куманово<br>• Македонско здружение на млади правници – Скопје<br>• Рома С.О.С – Прилеп<br>• Младински културен центар – Битола | • Мултикултура – Тетово | • ЕХО – Штип<br>• Избор – Струмица<br>• Центар за развој и унапредување на јавниот живот – Тетово. | • 8-ми Септември – Скопје | • Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија |

Оттука, јасно се гледа интересот на граѓанските организации да придонесат за унапредување на системот на БПП и за зголемување на достапноста на услугата бесплатна правна помош за граѓаните.

Во однос на адвокатите регистрирани за давање БПП видливо е дека 317 адвокати од различни општини се заинтересирани за давање БПП. Според сознанијата добиени во текот на спроведување на проектот, она што ги одвраќа адвокатите од давање БПП, односно регистрирање како даватели на бесплатна правна помош е намалената тарифа за 30%. Сепак, последното зголемување на адвокатската тарифа (АТ) би требало да биде мотив плус за тие да се регистрираат како даватели на БПП.

## Информираност на граѓаните за достапноста на БПП

Истражувањето за јавната перцепција и запознаеноста на граѓаните со ЗБПП покажа дека високи **67% од испитаниците не се запознаени со овој закон.** Според ЗБПП, Министерството за правда треба да организира денови на бесплатен правен совет на кои ќе ги информира граѓаните за нивното право на БПП. Од последниот извештај за примената на ЗБПП на Министерството за правда видливо е дека само три подрачни одделенија организирале вакви информативни денови. Денови на бесплатен правен совет организирале две подрачни одделенија на МП на територија на Град Скопје, и тоа: Кисела Вода и Гази Баба, и едно подрачно одделение надвор од територијата на Град Скопје, односно во Тетово. На овој начин многу е тешко да се постигне еднаква информираност на граѓаните од дру-

гите градови.[30] Резултатите од истражувањето за јавната перцепција и запознаеноста на граѓаните со Законот за бесплатна правна помош покажаа дека **84,7% од граѓаните никогаш не слушнале за деновите на бесплатен правен совет** кои ги организира МП, во согласност со ЗБПП.

**Графикон 1.** Запознаеност на граѓаните со ЗБПП




Според ЗБПП, Министерството за правда, во соработка со Адвокатската комора, Нотарската комора, Комората на извршители и Комората на медијатори, е должно да организира денови на бесплатен правен совет на секои три месеци, на кои ќе ги информира граѓаните за нивното право на БПП за прашања од областа на медијацијата, адвокатурата, нотаријатот и извршувањето. Тука се забележува уште една контрадикторност на ЗБПП, и тоа во фактот дека тој не предвидува одобрување на БПП за правни прашања од областа на извршната постапка, постапка пред нотари и постапка за медијација.

30 Извештај на МП за примената на ЗБПП во 2016 година, стр.10, достапно на: http://pravda.gov.mk/documents/tekst%20na%20izvestajot%20za%202016.pdf (пристапено на 18.6.2017)

Од друга страна, проектот „Пристап до правда во Македонија“ организираше 10 сесии за правно описменување на кои граѓаните беа информирани за нивните права и обврски од областа на работните односи и социјалната заштита. Учесниците на овие сесии беа информирани за нивното право на БПП и за постапката во која може да го остварат ова право.

# 6

# ОДРЖЛИВОСТ НА СИСТЕМОТ НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

## Финансирање на системот на бесплатна правна помош

Во согласност со ЗБПП, **системот на бесплатна правна помош се финансира од страна на МП.** Според последниот извештај за примената на ЗБПП во 2016 година,[31] Министерството за правда исплатило 829.753 денари, од кои 813.253 денари на адвокати ангажирани во постапка во која е одобрена БПП и само 16.500 денари на пет овластени здруженија за давање БПП.

Ваквиот начин на финансирање е целосно нефункционален за овластените здруженија кои во согласност со законските услови мора да имаат вработено со полно работно време правник со положен правосуден испит ангажиран за давање БПП. Средствата кои овластените здруженија ги добиваат од МП се недоволни за покривање на основните трошоци за работа на здруженијата и доколку БПП не е финансирана од донатори, тие нема да можат да ги исполнат законските услови и понатаму да функционираат во рамките на системот на БПП.

За разлика од хрватскиот систем на БПП, каде што средствата на здруженијата им се исплаќаат авансно, на овластените здруженија во Македонија средствата им се исплаќаат по поднесен и одобрен трошковник и само во случај на одобрена БПП.

31 Извештај на МП за примената на ЗБПП во 2016 година, стр.10, достапно на: http://pravda.gov.mk/documents/tekst%20na%20izvestajot%20za%202016.pdf (пристапено на 18.6.2017)

# 7

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ

Врз основа на последната анализа, како и сите претходни извештаи, изведени се следниве заклучоци:

- Во последните шест години, Законот за бесплатна правна помош не ја исполни целта за која е донесен, а тоа е пристап до правда за сите граѓани. Од изнесените податоци видлив е трендот на опаѓање на интересот кај граѓаните за добивање бесплатен адвокат, а на тоа влијаат сложената постапка за одобрување БПП и пробивањето на законските рокови од страна на Министерството за правда, како и многу строгите услови што граѓаните требаа да ги исполнат за да им се одобри БПП, но и по одобрувањето на БПП, односно тие и натаму треба да ги исполнуваат овие услови во текот на користењето на БПП.
- Сериозен проблем кој се провлекува долго време е нефункционалноста и неадекватноста на целокупниот систем за давање бесплатна правна помош, особено за социјално загрозените граѓани за кои, всушност, е наменет, за што говори сè помалиот број граѓани кои го оствариле правото на БПП.
- Важноста на Законот за бесплатна правна помош и неговата правилна примена се гледа во потребата на граѓаните од закон кој ќе им даде правна сигурност и ќе им овозможи пристап до правда.

Во продолжение на овој извештај се дадени препораки за подобрување на ЗБПП, но и на целиот систем на бесплатна правна

помош. Сите препораки произлегуваат од прибраните податоци и анализата на документите релевантни за системот на БПП.

Сите предлози дадени подолу налагаат широка дебата на која тие ќе бидат разгледани и презентирани пред сите засегнати страни, и ќе се даде простор за нивно надополнување. Со оглед на фактот дека, според извештајот на Советот на Европа[32] Македонија се наоѓа на дното во Европа според ефикасност на судскиот систем, измените на ЗБПП се сметаат за итно потребни.

## а. Поширок опфат на правни прашања за кои се одобрува бесплатна правна помош и олеснување на условите коишто треба да ги исполнат барателите на бесплатна правна помош

Списокот на правни прашања за кои ќе се предвиди одобрување на бесплатна правна помош треба да биде широк и треба да ги земе предвид правните потреби на граѓаните. Резултатите од спроведеното истражување за правните потреби на граѓаните на Република Македонија покажува дека граѓаните најчесто се соочуваат со правни проблеми поврзани со дискриминацијата и потрошувачките права, кои пак не влегуваат во опсегот на правни прашања за кои се одобрува бесплатна правна помош.

32 European Judicial Studies: Efficiency and Quality of Justice, достапно на: http://www.coe.int/.t/dghl/cooperation/cepej/evaluation/2016/publication/CEPEJ%20Study%2023%20report%20EN%20web.pdf (пристапено на 18.6.2017)

Имајќи предвид дека во нивното секојдневие граѓаните се впуштаат во најразлични правни работи/односи и разновидно учество во правниот сообраќај, а со цел да се овозможи еднаков пристап до правда за сите граѓани, најсоодветно решение би било сите правни прашања со кои се решава некое право од интерес на граѓаните да бидат опфатени со Законот за бесплатна правна помош. На овој начин, сите граѓани кои ги исполнуваат законските услови ќе можат да поднесат барања за бесплатна правна помош за проблем од која било правна област. Со тоа, на граѓаните ќе им се овозможи еднаков и ефикасен пристап до правда, без ограничувања во однос на правната област за која се бара бесплатна правна помош.

Условите кои граѓаните треба да ги исполнат за добивање бесплатна правна помош треба да бидат поставени во насока на овозможување што е можно поголем опфат на граѓани кои се потенцијални корисници на БПП. За граѓаните корисници на социјална помош или на некое друго право од социјалната заштита, постапката за одобрување БПП не треба да вклучува дополнителна проценка на имотната состојба на барателот, бидејќи таа е веќе проверена од страна на државен орган кога на засегнатото лице му било признаено правото на парична помош по основ на некое право од социјалната заштита. Во однос на барателите кои не се корисници на некое право од областа на социјалната заштита, постапката за одобрување БПП треба да вклучи проценка на приходите на семејството, додека утврдувањето на дозволениот максимален износ на приходи треба да ја земе предвид бројноста на семејството, т.е. пресметката на приходите треба да се направи врз основа на приходи по

член на семејството/домаќинството. Се разбира, законодавецот треба да ја земе предвид и многубројноста како одлика на македонските домаќинства, при што заради слабата економска моќ и традицијата во исто домаќинство најчесто живеат две генерации семејства, што пак не значи дека тие ги делат трошоците на живеење, ниту пак нивните правни проблеми имаат иста правна судбина и завршница. Дополнително, утврдениот максимален приход со кој располага семејството кое може да се јави како примател на бесплатна правна помош не смее да биде понизок од прагот на сиромаштија по лице, односно по семејство, утврден на годишно ниво од страна на Државниот завод за статистика.

Од приходите кои се предмет на процена би требало да се изземат паричните побарувања, приходи и имот коишто се изземени од извршување во согласност со Законот за извршување, како и паричните надоместоци остварени во согласност со Законот за социјална заштита и Законот за заштита на децата. При процената на имотната состојба на барателот, од пресметката треба да се разгледа можноста да се изземе куќата, односно станот во кој живее и од кој не заработува финансиски приходи (на пример, закупнина), како и земјоделско земјиште во површина и со засадена култура во согласност со Законот за социјална заштита и подзаконските акти што го регулираат остварувањето на права од социјалната заштита.

Проценката на имотната состојба на барателот треба да ја прави овластен проценител, а не вработените во Министерството за правда, каков што е случајот со подрачното одделение во Битола каде што имотниот лист се доставува до општината и каде

стручни лица од општинската администрација прават проценка на имотот, па така комплетирано барањето го проследуваат до МП.

Во случај на жртви на семејно насилство, невработени лица кои не остваруваат приходи по ниту еден основ и работни спорови, бесплатната правна помош треба да биде гарантирана без оглед на имотната состојба на барателот. Кога се работи за работните спорови, резултатите од истражувањето за правните потреби на граѓаните[33] покажа дека тие немаат доверба во успешно завршување на споровите каде што од другата страна се јавуваат работодавците. Оттука произлегува и потребата правото на бесплатна правна помош да биде гарантирано во работните спорови на граѓаните.

## б. Трошоци што треба да бидат опфатени со правото на бесплатна правна помош

Треба да се разгледа можноста сите трошоци кои произлегуваат од одреден правен спор за кој е признаено правото на бесплатна правна помош да бидат опфатени во ЗБПП. Покрај трошоците за адвокат, ЗБПП треба да ги предвиди и сите нужни трошоци во постапката како признаени трошоци опфатени со правото на бесплатна правна помош, вклучително и судските и административните такси, трошоците за изработка на наод и мислење од вешто лице, трошоците за превод и толкување, како и трошоците за обезбедување докази.

33 Реактор- истражување во акција, Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија, достапно на: http://www.fosm.mk/CMS/Files/Documents/20131810-Analiza-mk.pdf (пристапено на 18.6.2017)

## в. Проширување на опфатот на претходната правна помош и финансирање на работата на здруженијата

За да може претходната правна помош да добие суштина и вистински да одговара на атрибутот „претходна“, освен за давање правен совет, правна информација и помош при пополнување барање за бесплатна правна помош, на здруженијата треба да им се дозволи да составуваат едноставни поднесоци во сите постапки кои задолжително не налагаат застапување од адвокат, со што би се подобрила комуникацијата помеѓу граѓаните и институциите.

Во таа насока, како особено успешно се истакнува искуството од Англија, каде што центрите кои даваат претходна правна помош се овластени за давање професионални совети, помош за составување поднесоци, како и помош при преговарање во правни спорови. Во правниот систем на Холандија претходната правна помош вклучува и препорака, односно насочување на странката кон професионалец кој може да ѝ помогне во конкретниот правен проблем.

Во однос на финансиската одржливост на овластените здруженија, добар е примерот со ЗБПП на Хрватска и практиката во Холандија, Англија, Шкотска и Полска, каде што се предвидува авансно финансирање на здруженијата преку грантови. Имено, на почетокот на секоја година Министерството за правда објавува повик за доделување грантови, додека здруженијата доставуваат програма според која би работеле во тековната година. Доделените финансиски средства ќе може да се користат

за покривање на трошоците за вработениот правник, за тековните трошоци на канцеларијата, но и за зајакнување на капацитетите на здружението преку учество и организирање на различни обуки. Освен тоа, средствата наменети за граѓанските здруженија треба да бидат наменети за две цели: 1) средства за регистрирани и овластени здруженија за давање бесплатна правна помош кои имаат вработено правник со положен правосуден испит; и 2) средства за организации кои спроведуваат активности за правно зајакнување и описменување на одредени маргинализирани групи. На пример, во рамките на втората цел може да се одобруваат средства за обуки за работнички права, програми за параправници кои даваат помош на специфични групи како што се: Роми, лица со посебни потреби, невработени млади лица, жртви на семејно насилство, и сл. Ваквите средства треба да се доделуваат преку едногодишни и повеќегодишни повици за одобрување средства врз основа на претходно утврдена програма која ќе ги отсликува правните потреби и проблематичните области за кои постои најголема потреба во дадениот период. Активностите за правно зајакнување и описменување на одредени маргинализирани групи може да се дефинираат во новиот закон, како посебен вид правна помош, односно правно зајакнување.[34]

По примерот на Финска , каде што е опфатено и телефонско советување како форма на советување, македонскиот ЗБПП треба да ја предвиди оваа можност, со цел да се обезбедат средства за покривање на трошоците за одржување телефонска линија

34 M. Barendrecht et all., Legal Aid in Europe: Nine Different Ways to Guarantee Access to Justice?, HiiL Innovating Justice, 2014, стр. 55, достапно на: http://www.hiil.org/data/sitemanagement/media/Report_legal_aid_in_Europe.pdf (пристапено на 18.6.2017)

која би била бесплатна за барателите на бесплатна правна помош и која би функционирала во рамките на Министерството за правда.

Со цел јасно регулирање на наградата за советување, за составување поднесоци и за другите правни дејствија кои ги превземаат правниците од овластените здруженија, ЗБПП треба да предвиди обврска на Министерството за правда или на некое надворешно тело да донесе тарифник за сите услуги опфатени со претходната правна помош.

## г. Деконцентрација на одлучувањето по барања за бесплатна правна помош

Практиките покажуваат дека за да се почитуваат роковите, ЗБПП би требало да предвиди одлуките по барањата за бесплатна правна помош да ги донесува подрачното одделение и решението со кое се одбива или се доделува бесплатна правна помош да го потпишува раководителот на подрачното одделение. Тоа ќе доведе до деконцентрација на целокупната постапка, па така наместо Министерството за правда, одлуките ќе ги донесуваат подрачните одделенија, односно овластени правници со положен правосуден испит, што ќе придонесе за скратување на рокот во кој се донесува решението.

Исто така, деконцентрираната процедура ќе обезбеди поголема правна сигурност на граѓаните преку воведување на повеќестепеност на постапката, односно по барањето ќе одлучува подрачното одделение на Министерството за правда, а доколку странката не е задоволна од решението, ќе може да поднесе

жалба до новоформираното независно тело или ќе поведе спор против решението на независното тело пред Управниот суд.

Во Франција, Белгија, Полска и Германија процесот на донесување одлука по барање за бесплатна правна помош е целосно децентрализиран, додека во Шкотска, Ирска и Холандија постои независно советодавно тело.

## Д. Формирање независно тело за следење и оцена на спроведувањето на Законот за бесплатна правна помош

Неопходно е формирање на независно тело, кое ќе биде задолжено со следење на спроведувањето на Законот за бесплатна правна помош, првостепено одлучување по жалби, обезбедување изедначена примена на Законот, спроведување истражувања и обуки, осигурување квалитет на бесплатната правна помош која ја добиваат граѓаните, контрола врз квалитетот на работењето на овластените адвокати, здруженија и други организации што спроведуваат активности за правно зајакнување и описменување на маргинализирани групи граѓани, утврдување програма, и одлучување за финансирање активности на организациите.

Понатаму, телото би ја следело работата на подрачните одделенија, но и би подготвувало извештаи со забелешки и насоки за подобрување на квалитетот на бесплатната правна помош, како и предлози за измени и дополнувања на Законот за бесплатна правна помош.

Членовите на ова тело треба да бидат професионални и независни вработени, кои би се избирале од редовите на овласте-

ните здруженија, претставници од Министерството за правда, професори од правните факултети, како и претставници на Адвокатската комора или од редот на адвокати регистрирани за давање бесплатна правна помош.

## ѓ. Усогласување на Законот за бесплатна правна помош со Законот за општа управна постапка, Законот за парнична постапка, Законот за нотаријат и Законот за извршување

За да се обезбеди еднаков пристап до правда за сите граѓани, потребно е усогласување на роковите за донесување решение од страна на МП по поднесено барање за БПП со роковите за тужба и одговор на тужба во парнична и вонпарнична постапка. Рокот за одлучување по барање за бесплатна правна помош, вклучувајќи го и потребното време за доставување на одлуката до барателот и до адвокатот, треба да се скрати на 12 дена, додека рокот за одговор на тужба и рокот за жалба во граѓанска или управна постапка треба да се продолжи на минимум 20 дена во случаите кога се бара и се одобрува БПП. Исто така, треба да се создаде можност за електронско доставување на одлуките до барателите и до адвокатите. На овој начин, граѓаните кои ќе добијат бесплатен адвокат ќе имаат на располагање 8 дена во кои адвокатот ќе им изготви поднесок и ќе им биде овозможено правото на пристап до правда.

Законот за парнична постапка не содржи одредби кои поблиску ја уредуваат ситуацијата кога лице кое е корисник на бесплатна правна помош ќе го добие спорот во парнична постап-

ка, па во согласност со ЗПП, има право на надомест на настаните трошоци од спротивната страна. Не е уредено дали и до која мера тоа лице има право на надомест на трошоците од спротивната страна, ниту пак ЗБПП пропишува обврска за лицето што не го добило спорот да ги врати средствата кои државата ги исплатила на име бесплатна правна помош на адвокатот кој го застапувал. Со тоа, значаен извор на приходи во буџетот за бесплатна правна помош е оставен неискористен.

Според Законот за нотаријат, во оставинска постапка пред нотар странките се обврзани да ангажираат адвокат кој во својство на полномошник ќе ги преставува пред нотарот.[35] Од друга страна, Законот за бесплатна правна помош не содржи одредби со кои трошоците за застапување на адвокатот пред нотар ќе бидат покриени со правото на бесплатна правна помош. Во овие случаи адвокатите ќе ја делат својата награда со нотарот во согласност со нотарската тарифа, па затоа се јавува потребата овие случаи да се уредат во Законот за бесплатна правна помош.

## е. Јасно дефинирање на одредени поими со кои граѓаните често се среќаваат при барањето бесплатна правна помош (самохран родител, просечна месечна нето-или бруто-плата, заедничко домаќинство, член на семејството)

Одредени делови од Законот за социјална заштита, Законот за бесплатна правна помош и други закони кои се поврзани со нив треба да бидат нормативно доуредени со јасни, прецизни и

35 Закон за нотаријат („Службен Весник на Република Македонија“ бр.72/2016 ), член 147, ст.2

единствени дефиниции за поимите самохран родител, односно самохрана бремена жена, барем на ниво како што е дефинирано во Законот за заштита на децата и во неговите подзаконски акти. Исто така, при утврдувањето дали издршката на барателот на бесплатна правна помош е загрозена, потребно е прецизно определување на просечната месечна бруто-плата како максимален износ на месечните приходи на барателот и на членовите на неговото заедничко домаќинство, како што тоа се прави при утврдување на вредноста на неговиот имот, која може да достигне најмногу 5 месечни бруто-плати. Освен тоа, дефинициите на основните законски поими треба нужно да се приспособат на вистинските потреби на граѓаните.

## Ж. Обуки за вработените во центрите за социјална заштита и нивна континуирана координација заради изедначување на практиките

За да се избегне различното толкување на исти законски и подзаконски регулативи од страна на центрите во различни градови, потребна е почеста комуникација меѓу вработените и усогласување на практиките. Недозволиво е вработените во центрите да не бидат запознаени со законите и правилниците по кои работат, а чија цел е социјалната заштита на граѓаните.

За да се избегне неусогласеноста на практиките од еден до друг центар, покрај честата комуникација, потребни се обуки и сензитивизација на сите вработени кои работат со граѓаните при остварувањето на нивните права од социјалната заштита. На ваквите обуки, вработените би ги зајакнале своите капацитети и би размениле позитивни искуства од работата со граѓаните.

## 3. Обезбедување механизми за информирање на граѓаните за нивните права

Резултатите од спроведеното истражување за јавната перцепција и запознаеноста на граѓаните со Законот за бесплатна правна помош[36] покажуваат дека 66,3% од испитаниците не знаат каде да се обратат за бесплатна правна помош. Само 7,5% од нив познаваат здруженија каде што може да се обратат за бесплатна правна помош, додека останатите 92,5% не знаат дека здруженијата даваат бесплатна правна помош.

За да ги остварат своите права, граѓаните мора да бидат запознаени со нив. Воведувањето механизми за редовно информирање на граѓаните треба да биде приоритет на сите институции. На ваквите средби/настани ќе присуствуваат граѓани и претставници на институциите кои ќе дадат одговори на најчестите прашања на граѓаните, како на пример: од кога тече рокот за жалба; дали барањето мора да се поднесе писмено; кои докази се потребни, а во исто време ќе ги информираат граѓаните за сите новини и измени на одредбите кои ја уредуваат нивната работат.

36 Реактор – истражување во акција, Истражување за јавната перцепција и запознаеноста на граѓаните со Законот за бесплатна правна помош, ФООМ, 2016 год.

## S. При одлучување по барањата за бесплатна правна помош, Министерството за правда изедначено да одлучува во согласност со одредбите од Законот за бесплатна правна помош

Изедначувањето на практиките на Министерството за правда при одлучувањето по барањата за бесплатна правна помош е еднакво важно како и изедначувањето на практиките на центрите за социјална заштита. Поширокото толкување на законските одредби ќе овозможи поголем број граѓани да го остварат своето право на бесплатна правна помош и правна заштита. Претесното толкување доведува до донесување различни одлуки за идентичен правен проблем. Во исто време, изедначеното постапување при одлучувањето би значело поголем степен на правна сигурност, како за овластените здруженија кои се првиот филтер преку кој секојдневно минуваат најразлични правни случаи и баратели, така и за барателите на БПП. Анализата на судските пресуди на Управниот суд, исто така, покажува дека судот му налага на Министерството за правда пошироко да ги толкува нормите заради исполнување на целта на ЗБПП, а тоа е еднаков пристап до правда за сите граѓани.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош 2014-2015 година, ФООМ, Скопје, 2015 год;
2. Извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош во 2013 година, ФООМ и МЗМП, Скопје, 2014 год;
2. Анализа на примената на Законот за бесплатна правна помош (2010 - 2012), МЗМП и ФООМ, Скопје, 2013 год;
3. Реактор- истражување во акција, Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија, ФООМ, Скопје, 2013 год;
4. Годишен извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош за 2016 година, Министерство за правда на РМ, Скопје, 2017 год;
5. Извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош, ФООМ, Скопје, 2011 год.;
6. M. Barendrecht et al., Legal Aid in Europe: Nine Different Ways to Guarantee Access to Justice?, HiiL Innovating Justice, 2014;
7. ГФК, Истражување за задоволството на граѓаните од добиената бесплатна правна помош, ФООМ, Скопје, 2017 год.;
8. Реактор – истражување во акција, Истражување за јавната перцепција и запознаеноста на граѓаните со Законот за бесплатна правна помош, ФООМ, Скопје, 2016 год.;
9. ФООМ, Анализа на судските пресуди на Управниот и Вишиот управен суд, Скопје, 2017 год.;
10. Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ“ број 52/1991 јануари 1992 година; 31/ 1998/2001; 84/2003; 107/2005; 3/2009, и испр. во број 13/2009 година; и 49/2011);
11. Закон за бесплатна правна помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/2009, 185/2011 и 27/2014);
12. Закон за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/2013);
13. Закон за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009; 36/2011; 51/2011; 166/2012; 15/2013; 79/2013; 164/2013; 187/2013; 38/2014; 44/2014; 116/2014; 180/2014; 33/2015; 72/2015; 104/2015; 150/2015; 173/2015; 192/2015 и 30/2016);
14. Закон за нотаријат („Службен Весник на Република Македонија“ бр.72/2016);
15. Council of Europe, European Judicial Systems: Efficiency and Quality of Justice, 2016;